Во Црквата и преку Црквата Бог продолжува да ја остварува целта на Своето спасително дело, извршено преку Богочовекот Христос, во Светиот Дух. Одвивањето на историјата е потребно и оправдано, заради пастирската и мисионерската служба на Црквата. Таа, како евхаристиска заедница, е испратена во светот да го сведочи Царството Божјо, да преобразува и да вотелува нови членови во своето богочовечко тело, чија глава е Христос.

Во Литургијата Светата Црква ја открива својата вистинска природа, станува она што навистина е, тело Христово и икона на вечното Царство Божјо. Црквата во Литургијата се открива како нова твар пре/создадена од Бога, присуство на новиот живот во Христа, предвкус на новиот еон, даруван од Светиот Дух. Суштинската служба на Црквата е да го оприсутнува есхатонот во овој свет и да ја објавува последната стварност на избавувањето и спасението.

Црквата е Христовиот брод кој плови низ водите на историјата кон есхатонот и не се поистоветува со ниту една земна татковнина. Секое пристаниште од овој свет е неприродно за Црквата, освен пристаништето на Царството Божјо. Црквата не е од овој свет, но сепак, е во овој свет и таа има историска и есхатолошка одговорност за него.

9 786082 236582

ЃАКОН КИРЧЕ ТРАЈАНОВ ◆ ОД ИСТОРИЈАТА ДО ЕСХАТОНОТ (ЕКЛИСИОЛОШКО-МИСИОЛОШКИ СОГЛЕДУВАЊА)

МАГОР

ЃАКОН
**КИРЧЕ ТРАЈАНОВ**




# ОД ИСТОРИЈАТА ДО ЕСХАТОНОТ

## (ЕКЛИСИОЛОШКО-МИСИОЛОШКИ СОГЛЕДУВАЊА)

МАГОР